# Гази Баба
Општина

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

НОЕМВРИ 2011 - БРОЈ 18

# 35 години
## Општина Гази Баба



**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**
**0800-42222**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

www.gazibaba.gov.mk



## Асфалтирана улица во Хиподром

■ Во населба Хиподром, асфалтиран е крак на улица "Благоја Стефковски", на која изминатите години беше поставена водоводна и канализациона мрежа.

Оваа улица ја користат граѓаните и од нас. Хиподром и од нас. Маџари.





## Есенска дератизација

■ Општина Гази Баба изврши есенска дератизација на своето подрачје.

Дератизацијата се вршеше со препарат - парафински блок Бромалем, кој е ставен во околу 2500 шахти на целата територија на Општината.

Работите ги изведе Ветеринарна Болница Скопје, во соработка со ЈП Водовод и Канализација.

За поголема ефикасност, оваа активност се спроведуваше во координација со Општините и Градот Скопје.



# Нова училишна спортска сала во ОУ Крум Тошев

Во ОУ Крум Тошев во н.м. Трубарево беше пуштена во употреба новата, современа училишна спортска сала.

Училишната сала ја пуштија во употреба претседателот на Влада на РМ, Г-динот Никола Груевски, министерот за образование и наука, Г-динот Панче Кралев и градоначалникот Тони Трајковски.











Почитувани сограѓани,
на 3-ти Ноември Општина Гази Баба прославува 35 години од своето формирање. Овој јубилеј е убав момент да направиме една ретроспектива на развојот на нашата Општина. Посебно ја имам таа чест да сум дел од тимот на општинската администрација која работи на продолжување на континуитетот на реализација на проекти во насока на градење на современа, развиена, урбана и со европски лик општина. Навистина е чест да се работи со луѓе кои се во општината од својот почеток, односно оние кои биле активни учесници во изградбата на општината од самото нејзино формирање. Анализирајќи можеме да заклучиме дека од година во година се забележува подем во развојот на општината, иако најголеми проблем е што во изминатите 35 години немало рамномерен развој во сите населени места и немало рамномерен развој во сите општини во Градот Скопје. Мора да признаеме до пред неколку години општината го немаше рамномерниот статус од страна на градот во инвестициите кои беа реализирани на наша територија. Но за среќа сега не е така, со заеднички активности со Владата на РМ и со Градот Скопје и активното учество на граѓаните со крупни чекори чекориме во развојот и подобрувањето на условите за живеење во секое населено место.



Градоначалник на Општина Гази Баба Тони Трајковски

Моја примарна цел е да се продолжи онаму каде што застанавме односно во населените места каде што има изградено одредена инфраструктура да продолжиме да работиме во нејзино подобрување, одржување и надоградување, а онаму каде што нема да изградиме. Тоа впрочем во периодот од кога сум градоначалник во континуитет го работиме.

Општина Гази Баба иако официјално е формирана пред 35 години сепак мора да потенцирам дека на наша територија имало организиран начин на живеење пред 8000 години, а за тоа е доказ неолитската населба Тумба Маџари која претставува дел од нашата историја. Тоа сите нас не обврзува уште повеќе да работиме во градењето на иднината на нашата Општина, наследството што ни е оставено од нашите предци треба да го негуваме и да го надоградуваме.

Мора да потенцирам дека многубројните проекти што во изминатиов период беа реализирани, како што се нови водоводни мрежи, нови фекални и атмосферски канализации, асфалтирани нови улици, нови спортски сали, стадиони и детски игралишта, тротоари, паркинзи, како и поставување на нови делници со улично осветлување, подобрувањето на условите во градинките и училиштата немаше да можеме да ги реализираме без подршката од граѓаните, без активното учество на Урбаните и месните заедници и одличната комуникација со советниците во советот на општина Гази Баба.

Општина Гази Баба има подготвена и обучена општинска администрација која може да одговори на сите предизвици. Доказ за тоа е успешното превземање на ингеренциите кои беа трансферирани како резултат на процесот на децентрализацијата. На последната седница на советот се усвои и програмата за управување со градежното земјиште и очекуваме набрзо и таа ингеренција да ни биде префрлена од централната власт.

При реализација на проектите гледаме да бидат опфатени сите области и тоа инфраструктурата, сообраќајот, комуналната чистота, образованието, социјалната заштита, развојот на спортот, а посебен акцент даваме на екологијата бидејќи како општина со најголема индустрија имаме и голема обврска да работиме за заштитата на животната средина но исто така работиме и на негување на нашата традиција и зачувување на нашето културно наследство. Имаме одлична соработка со бизнис заедницата, со невладиниот сектор и со одредени целни групи, како на пример пензионерите, организациите на жени, со младите, а така ќе продолжиме и во наредниот период.

За плановите во наредниот период можам да потенцирам дека спремни ја пречекуваме зимската сезона. Иако сме во доцна есен, сепак продолжуваме со реализација на активностите. Деновиве се работи на асфалтирање на улица во Црешево, а за прв пат од оваа сезона основните училишта од Црешево и Булачани ќе ги заменат старите ќумбиња и греењето на дрва со ново парно греење. Деновиве отпочнавме со санација на ударните дупки во сите населени места, набрзо ќе отпочнеме со изградба на нова детска градинка во н.м. Јурумлери и со целосна реконструкција на три градинки, планирана е изградба и на уште неколку нови улици во зависност од временските услови кои ни претстојат до крајот на годината.

Ова е период кога се подготвуваат програмите и буџетот за наредната календарска година. Во насока на изготвување на квалитетни програми кои ќе ги отсликаат можностите на општината за наредната година и приоритетните проекти за секое населено место, започнавме со посета на Урбаните и Месните заедници се со цел да ги согледаме предлозите и приоритетите кои подоцна заедно со советниците ќе ги преточиме во планирани наши активности за наредната година.

На жителите од Општина Гази Баба им го честитам јубилејот 35 години од формирањето на општината и им посакувам многу здравје, радост и многу подобри услови за живеење за кои во наредниот период заедно ќе работиме за да ги направиме.



## Поднесени Барања за легализација

До завршувањето на рокот за поднесување на барања за легализација на бесправно изградените објекти, до 3.09.2011 год. во општина Гази Баба пристигнаа вкупно 15615 барања.

Досега општината донесе 140 Решенија за легализирање на бесправно изградени објекти.



## Посета на Урбани и Месни заедници

Градоначалникот Тони Трајковски започна со посета на урбаните и месните заедници, каде што ќе има средби со граѓаните.

Целта на средбите е заедничкото дефинирање на приоритетите на урбаните и месните заедници, кои ќе се вградат во Програмите за работа за 2012 година, кои треба да се донесат кон крајот на оваа година.



### Пристапна патека и плато пред Црквата Св. Архангел Гаврил

■ Во населбата Ченто направена е патека и плато пред црквата Св. Архангел Гаврил. Патеката е од павер елементи, во површина од 350 $m^2$.



### Канти за селективно собирање на отпад

■ Општина Гази Баба во соработка со Јавното претпријатие Комунална хигиена а во рамките на проект на Град Скопје, подели 20 комплети на канти за селективно собирање на отпад на јавните институции на територија на Општина Гази



Баба. Секој комплет се состои од 4 канти во различна боја во кои посебно ќе се собира пластика, хартија, биоразградлив отпад и комунален отпад.

Овој пилот проект е насочен кон почетно, иницијативно селектирање на отпадот најпрво во јавните институции, а крајната цел е воведување на селективно собирање и управување со отпадот во секое домаќинство во Општина Гази Баба и Градот Скопје.



# Нови инвестиции во општина Гази Баба

■ Градоначалникот Тони Трајковски и Министерот без ресор Неждет Мустафа го посетија населеното место Јурумлери, каде беше поставена нова фекална канализациона мрежа.

Исто така Градоначалникот и Министерот го посетија Кадриово маало, каде се изгради нова водоводна мрежа.

Средствата за двата Проекта



ги издвоија Министерството за транспорт и врски по Програмата за подобрување на условите за живеење на ромското население во декадата на Ромите, во висина од 2.000.000,00 денари и општина Гази Баба со средства од годишната програма за комунални дејности, во висина од 1.500.000,00 денари.





■ Во општина Гази Баба се реализираше Проектот на Владата на РМ и Агенцијата за државни патишта за рехабилитација на локални патишта, финансиран со заем од Европска Банка за обнова и развој.

Со овој Проект се изврши реконструкција на патниот правец Дрма - Идризово, со вкупна должина од 1,2 км и е со вредност од 12.000.000 денари и делница од патниот правец Сингелиќ - Раштак, поточно од н.м. Црешево до н.м. Раштак, со вкупна должина од 4,8 км и е со вредонoст од 16.000.000 денари.

# Реконструкција на локални патишта во Гази Баба











## Заедничка акција за кастрење на гранки

■ Општина Гази Баба, општина Илинден и Јавното претпријатие паркови и зеленило, на патот од н. Хиподром до Пуста кула организираа заедничка акција за кастрење на гранките од дрвјата.

Акција е спроведена за подобрување на прегледноста на сообраќајницата.

## Водоводна мрежа во Трубарево

■ Општина Гази Баба во соработка со ЈП Водовод и канализација за подобрување на функционирањето на водоводниот систем во населеното место Трубарево на дел од водоводната мрежа направи реконструкција на постоечките цевки по главната улица и тоа, на примарниот вод цевките со пречник Ф 150 се заменија со Ф 250.





По споредните улици, каде што постои секундарна водоводна мрежа, постоечките цевки се заменија со нови дуктил цевки, со пречник Ф 80, а онаму каде што нема секундарна мрежа се поставува. Околу 50 жители од улица 5 за прв пат ќе се приклучат на оваа водоводна мрежа.

Исто така, на гробиштата во Трубарево за користење на граѓаните, се постави и јавна чешма.




# Одржана трибина на тема "Загадувањето на животната средина од страна на МАКСТИЛ"

На барање на жителите на Општина Гази Баба, а како резултат на бројните поплаки од населението, поврзани со загадувањето на животната средина од страна на индустриските капацитети во Општина Гази Баба, во Општина Гази Баба се одржа трибина на тема "Загадувањето на животната средина од страна на Макстил".

На трибината свое излагање имаа претставници од Општина Гази Баба, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и генералниот директор на Макстил. На трибината презентација одржаа претставници на менаџментот и секторот за животна средина на Максил.

Трибината наиде на голем интерес кај граѓаните кои се посебно загрижени за глетката од големи црвени облаци која често се забележува од комлекстот на фирми лоцирани на територија на поранешна Железарница. Тие имаа можност да се информираат и поставуваат прашања во врска со мерките кои ги превзема Макстил за заштита на животната средина.

Беше презентиран оперативниот план за заштита на животната средина кој се имплементира од страна на Макстил, со кој се наведува дека активностите веќе се започнати, а се верува дека најдоцна до 2014 година ќе биде решен проблемот со загадувањето на животната средина.



На трибината присуствуваше и пратеникот г-ѓа Благородна Дулиќ како жител на населба Железара и претставник на локалното население, која истакна дека проблемот со загадувањето е глобален а тежок за решавање поради неповратноста на вложените средства, но сепак неопходно да се реши, а резултатите ќе се забележат врз човековото здрвање.

Ваквите трибини на кои се соочуваат загрижените страни со фирмите, се од големо значење за добивање на точни информации, а воедно се прави ланец на неопходна меѓусебна поврзаност на општината, правните лица и локалното население.



# *Постигнат договор за границата во атарот на Парк шумата Гази Баба*



Долгогодишниот проблем со границата помеѓу Гази Баба, Чаир и Бутел е надминат.

Општините, Градот Скопје и Катастарот за недвижности најдоа заедничко решение и со Законот за изменување и дополнување на Законот за Град Скопје, кој е во фаза на донесување, точно ќе се прецизира границата помеѓу општините Гази Баба, Чаир и Бутел.



# Тампонирање на улици



■ Во населените места Јурумлери, Колонија, Гоце Делчев, Виниче, Стајковци, Керамидница тампонирани се улици со гребен асфалт. За овие активности општина Гази Баба обезбеди 1000$\text{м}^3$ гребен асфалт.









## Патеки во Хиподром

Во н. Хиподром помеѓу зградите, општината направи пешачки патеки.
Патеките се направени од павер елементи.





## Тампонирана улица во Вардариште

Во УЗ Кирил Петрушевски, општина Гази Баба ја тампонираше улицата Индустриска, каде претходно беше поставена водоводна мрежа за индустриските објекти. Улицата е тампонирана во должина од 200м и широчина од 7 м. Исто така, на оваа улица направени се и ивичници.

## Нова фекална канализација

На улица Сава Михајлов, општина Гази Баба изработи нова фекална канализација во должина од 140 м и цевки со пречник Ф 400.

Фекалната канализација ги поврзува населените места Јане сандански и Инџиково.

Вредност на работите е 400.000,00 денари.

## Подигање на смет во руралниот дел

На територијата на општина Гази Баба во населените места во руралниот дел, од први ноември 2010 година се отпочна со организирано собирање на комунален отпад од страна на Јавното претпријатие "Комунална хигиена".

ЈП Комунална хигиена поминува еднаш неделно во сите населени места во изминатиот период од скоро една година, подигнат е 5000 тони комунален отпад од домаќинствата.

Со реализација на овој Проект и со организираното собирање отпад, намалено е создавање на диви депонии, со што значително се намалува еколошката загаденост на почвата и водата, а со тоа се овозможува поздрава животна средина во руралниот дел на општината.

## Санација на МЗ Црешево

Во МЗ Црешево, општина Гази Баба направи целосна санација на покривот на месната заедница и на дел од внатрешните простории.



# *Спортско игралиште во Вардариште*

Во УЗ "Кирил Петрушевски" во н.м. Вардариште, општина Гази Баба изгради спортско игралиште за мал фудбал. Игралиштето е осветлено, а со почетокот на новата градежна сезона на пролет, ќе биде и оградено.







# Донесени Детални урбанистички планови

- Измена и дополнување на дел од ДУП за локалитетот "Керамидница" урбан блок 1 и дел од ДУП за источна индустриска зона "фабрика Комуна", дел од МЗ Керамидница.
- ДУП за "УЗ Железара" ликалитет Г.
- ДУП Спортско рекреативен центар Железара
- ДУП за дел од УЗ Маџари 2, урбан блок 5
- ДУП за дел од нас. Железара, локалитет Б блок 6
- Измена и дополнување на ДУП за УБ2 - Маџари, МЗ Хиподром блок 6.





# Аница Путиноска

## трет мандат во Советот на општина Гази Баба

**Член сте на Советот на општина Гази Баба веќе трет мандат. Како се развиваше општината во изминатиот период?**

Развојот на општината во последните години е очигледен. За време на моето членување во Советот на општина Гази Баба, секогаш се водело сметка за приоритетите на граѓаните и во таа насока се одвивале активностите на општината, кои резултираа со изградба на низа инфраструктурни објекти, кои се од суштинско значење за квалитетен живот во населените места.

**Дали членувате во Комисии на Советот и колку сте активни како член на Советот?**

Јас сум претседател на Комисија за култура, спорт и рекреација, која разгледува прашања во врска со организацијата, развојот и унапредувањето на културата, поттикнување на творештвото, заштита и користење на културното богатство, развој на масовниот спорт и рекреативните активности, спортски приредби и манифестации и други прашања од значење за спортот.

Член сум на Комисијата за родова еднаквост која разгледува прашања за еднаквите можности помеѓу жените и мажите, состојбите со застапеноста на жените во органите, учествува во проекти од оваа област и разгледува прашања од значење за родовата еднаквост.

Мојата активност се состои во давање на конструктивни и реални предлози, активно учество во организирање на културни и спортски манифестации на општината.

**Каква е Вашата соработка со жителите од општината и кои се нивните приоритети?**

Преку секојдневна комуникација со граѓаните, настојувам да се запознаам со нивните проблеми и истите ги пренесам на седниците на советот, каде што заеднички настојуваме да ги решиме.

Најголем приоритет на граѓаните во моето опкружување е осветлувањето, сообраќајниците, поставување на клупи за одмор и слични барања.

**Каква беше и каква е соработката со Градоначалниците во изминатиот период и денес?**

Комуникацијата и со претходните градоначалници беше добра, а исто така и со градоначалникот Тони Трајковски. Честите меѓусебни средби, на кои разменуваме предлози и идеи за решавање на одредени проблеми кои ги засегаат граѓаните, често вродуваат со плод. Градоначалникот во однос на неговата работа е целосно посветен во решавање на проблемите на граѓаните. Релацијата градоначалник - советник добро функционира, а тоа е добар пат за реализација на зацртаните планови и создавање на подобри услови за живот на граѓаните во општината.





# Владанка Крстевска
# 35 години ви општина Гази Баба

**Во општината работите од самото нејзино формирање. Каква беше нејзината организациона поставеност на почетокот во споредба со денес?**

- На почетокот на функционирањето на општина Гази Баба, тогашно Собрание, покрај раководните структури (претседател на Собрание, секретар, претседател на Извршен совет, секретар на Извршен Совет) и вработените, наместо еден совет како што е денес, постоеа три Собори, како што се нарекуваа тогаш: општествено - политички Собор, каде членови (одборници) беа лица од општествено политичките организации, Собор на месни заедници, каде одборниците беа жители од сите месни заедници и Собор на здружен труд, каде одборниците беа вработени во организациите на здружен труд.

**Секој Собор работеше по посебен Дневен ред, согласно надлежностите кои ги имаа.**

- Во склоп на тогашното Собрание беа, тогаш таканаречените Секретаријати, за народна одбрана, образование, здравство, социјална заштита, цивилна заштита, територијална одбрана, земјоделие, правда, економија и други, кои денес веќе не се во склоп на општината, односно во текот на изминатите 35 години неколку пати се реорганизираа.

**Кои беа приоритетите на тогашното Собрание во однос на развивањето на нејзините населени места?**

- Како што знаеме организациите на здружен труд (така се нарекуваа работните организации) беа под надлежност на државата, односно под надлежност на Општината и Гази Баба беше најголема индустриска општина во Македонија.

- На наша територија работеа голем број на граѓани, како од нашата општина, така и од сите делови на градот Скопје. Тоа подразбираше уредување на сообраќајниците и населените места каде се наоѓаа фабриките, а тие повеќето беа во градските делови од општината.

**Какви се условите за работа сега, во однос на почетокот на Вашето работење?**

Јас работев во службата за подготовки на седниците, имаше 140 одборници и многу точки на Дневен ред на седниците. Материјалите ги редевме рачно, ги хефтавме, ги пакувавме. Потоа се праеа записници, со белешки направени рачно. Денес е многу полесно. Не само што е намален бројот на членовите на Советот, туку и техничките услови се многу подобрени. Материјалите за седница се пуштаат по електронски пат, седниците на Советот се снимаат, па потоа се вадат забелешки и се прави записник.

**Кое време според Вас, поминато на работното место, беше најубаво во текот на овие 35 години?**

- Секое време си има своја убавина. На почетокот ја имавме младоста, а сега ја имаме зрелоста и искуството.

- На крај сакам на сите вработени и жители на општина Гази Баба да им го честитам 35 -тиот роденден.



## Првиот претседател Пејко Блажевски
1976-1978 год.
1978-1982 год.

Собранието на Општината на својата прва заедничка седница на сите собори извршила избор за претседател на Собранието на Општината. За прв претседател на Собранието на Општина Гази Баба бил избран Пејко Блажевски, а за секретар Ристо Дика. Мандатот на делегатите во сите собори на Општината Гази Баба избрани во 1976 година траел само две години. Во 1978 година, поради усогласување со изборниот систем во земјата се пристапило кон избор на нови делегати за Собранието на Општината. Новиот состав на Собранието на Гази Баба бил конституиран во април 1978 година, при што, повторно, Пејко Блажевски бил избран за претседател.



## Михајло Миљовски
1982-1984 год.

Во текот на 1982 година биле спроведени избори на делегатите за состав на новото Собрание на Општина Гази Баба, кое се конституирало на 13 април 1982 година. На таа седница за претседател бил избран Михајло (Мишо) Миљовски, кој на таа функција бил до 1984 година.

## Коста Јанчевски
1984-1986

Коста Јанчевски функцијата претседател на Собранието ја извршувал од 1984 до 1986 година. Функцијата секретар на Собранието и во наредниот четиригодишен период ја извршувал Ристо Дика.





## Марика Панкова-Ботева
1986-1991

Во пролетта 1986 година биле спроведени избори за нови делегатски собранија. На седницата од 14 април 1986 година било извршено конституирањето на новото делегатско собрание на Општината Гази Баба, при што за нов претседател на Собранието, за периодот од 1986 до 1990 година, била избрана Марика Панкова-Ботева.



## Илија Гоцевски
1991-1996

По спроведувањето на првите повеќепартиски избори за одборници на Собранието на Општина Гази Баба, со непосредно и тајно гласање беше конституирано првото повеќепартиско собрание во 1991 година. За претседател на Собранието бил избран Илија Гоцевски, за секретар Ангеле Стаменковски, а за претседател на Извршниот совет Љубе Бојковски.

## Методија Гочевски
1996-2000 год.



Меѓу двата циклуса на парламентарните избори на 18 октомври 1996 година во Република Македонија се одржаа првите локални избори за градоначалници и членови на совети на општините. За прв градоначалник на Општина Гази Баба на непосредни избори на 18.10.1996 година беше избран Методија Гочевски од коалицијата ВМРО ДПМНЕ, ДП и МААК, за претседател на Советот Атанас Стамнов од ВМРО ДПМНЕ, за секретар Перо Ристовски.



## Борче Стефановски
2000-2005

На одржаните избори во септември 2000 год за градоначалник на Општина Гази Баба беше избран Борче Стефановски од ВМРО ДПМНЕ, за претседавач на Советот Маријан Здравковски од ЛДП, а за секретар на Општината Мирко Передевски.



## Коце Трајановски
2005-2009 год.

Во вториот круг за избор на градоначалник во 2005год, довербата на граѓаните со најголем број гласови ја доби кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ Коце Трајановски, дотогашен пратеник во Собранието на Република Македонија. Советот на Општината по неколкуте одржани седници најпрво го донесе Статутот на Општината, со кој се овозможи ефикасно функционирање на органите и телата на Општината и комисиите на советот, како и непречено спроведување на децентрализираните надлежности.

# Денови на солидарност

По повод 26 - ти јули, денот кога се случи катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година, во кој загинаа 1070 граѓани, многу















беа повредени и многу останаа без своите домови, бидејќи градот беше разрушен, во Паркот Борис Трајковски, познат и како Фински парк се одржа културно спортска Манифестација.

Манифестацијата "Денови на солидарност" во организација на општина Гази Баба и Урбаната заедница "Крсте Мисирков" е израз на благодарност на сите оние кои во најтешките мигови беа со нас и со градот Скопје и доказ дека добрите дела никогаш не се заборавaaт.

Во рамките на манифестацијата се одржаа турнири во кошарка и во фудбал, се одржа крос низ улиците на н.Чento, за граѓаните беа организирани бесплатни лекарски прегледи од екипи од Здравствен дом Чento, а вештите раце на нашите домаќинки направија прекрасна трпеза за сите присутни.

Манифестацијата ја отвори градоначалникот Тони Трајковски, а медаљите и пехарите на најдобрите спортски екипи и поединци им ги доделија градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на Гази Баба, Тони Трајковски.

Во културниот уметничкиот дел учествуваа децата од СОС Детски село.














# Силви бенд и Коштана

Во рамките на културно лето Гази Баба 2011, се одржа концерт на музичката група "Силви Бенд" со изведба на песни од "Коштана" и најубавите реплики на Митке и Коштана од истоимената драма.

Покрај дуото "Силви Бенд", на сцената се појави и голем пратечки бенд со многу фолклор и огромен перформанс.

Концертот беше помогнат и од Министерството за култура, со вклучување во Програмата на топол културен бран.













# Втор Меѓународен фолклорен фестивал






■ Во рамките на Културно лето Гази Баба 2011, се одржа вториот Меѓународен фолклорен фестивал, на кој учествуваа Ансамбли за народни песни и игри од Р. Словачка, Р. Бугарија , Р. Србија и домаќинот на Фестивалот ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски".





Фестивалот траеше од 18 - 22 август, каде беа изведени четири целовечерни концерти во СОС Детско Село, на плоштадот во Автокоманда, во Општина Ѓорче Петров и на платото пред спомен куќата на Мајка Тереза, во Општина Центар.

Ансамблите за народни песни и игри преку својот фолклор ја претставуваат својата култура, обичаи и традиција.





# Ревија на народни носии, инструменти и песни





■ Во рамките на Културно лето "Гази Баба 2011", во Манастирскиот комплекс Св. Илија во н.м. Виниче се одржа традиционалната Манифестација "Ревија на народни носии, народни инструменти и песни".

Во уметничкиот дел се изведуваа изворни народни песни и ора и беа прикажани традиционални народни носии од повеќе краеви од Македонија.











## Ансамблот „Јонче Христовски" прв на Меѓународниот фолклорен фестивал во Турција

■ На Меѓународниот фолклорен фестивал, кој што се одржа од 28 јуни до 4 јули во Истамбул, Република Турција, Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски" од Автокоманда, во конкуренцијата на 10 ансамбли, го освои првото место.

На фоклкорниот фестивал учество земаа и фолклорни ансамбли од Турција, Кипар, Словачка, Индонезија, Украина, Полска, Грција, Порторико и Египет.

На фестивалот Ансамблот имаше повеќе успешни настапи, на кои се претстави со игри од Скопско, игри од Источна и Егејска Македонија, кореографијата Жетварка, Мариовска Тресеница и фрагменти од Калајџиско оро. На сите свои настапи Ансамблот се претстави со автентични народни носии и беше придружуван од народниот оркестар при ансамблот.

Наградата за најуспешен Ансамбл им ја додели градоначалникот на Истамбул, Кадир Топбаш.

Учеството на Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски" на Меѓународниот фолклорен фестивал во Турција беше помогнато од општина Гази Баба и од градот Скопје.





# Турнир во одбојка



■ Во рамките на одбележувањето на 35 годишнината од формирањето на општина Гази Баба, во училишната спортска сала во ОУ Крум Тошев во Трубарево се одржа Турнир во одбојка.

На турнирот учествуваа екипи од основните училишта од општината и екипа од општина Гази Баба.

Прво место освои екипата на ОУ "Крсте Мисирков", второ место освои екипата на ОУ "Наум Охридски", трето место освои екипата на ОУ "Крум Тошев".
















# Турнир во пикадо

Во општина Гази Баба по повод 35 години од нејзиното формирање во салата за состаноци се одржа турнир во пикадо за жени. На турнирот учествуваа екипи од општините од градот Скопје, од основните училишта и од општината.

Во екипно натпреварување прво место освои екипата на ОУ Наум Охридски, второ место освои екипата на Советнички од општина Гази Баба, трето место освои екипата на ОУ Крсте Мисирков.

Во поединечна конкуренција прво место освои Марија Левковска, второ место освои Еленеа Максимовска, трето место освои Аница Пупиноска.














# Игри без граници

● Во рамките на активностите за прославата на 35 - годишнината од формирањето на општина Гази Баба, во училишната сала на ОУ "Крум Тошев" во Трубарево, се одржаа спортски игри без граници.

Учесници во овој спортски настан беа ученици од 4 и 5 одделение од сите единаесет училишта од подрачјето на општината.



























# Трка за мир



● На кејот на реката Вардар по четврти пат се одржа Трката за мир.

На трката учествуваа 400 ученици од 5-8 одделение од основните училишта од општина Гази Баба, општина Бутел и општина Петровец.

Во рамките на Трката за мир, се одржа и трка со ролери, како и културно забавна програма.

Во ВИП трката учествуваа градоначалниците на општините Гази Баба, Петровец и Арачиново, претставниците од ЗДФ, општините Бутел и Петровец, како и наставниците по физичко воспитување и вработените во општина Гази Баба.





















По повод 8-ми септември, Денот на независноста на Република Македонија, во населба Триангла, традиционално се организира фудбалски турнир.

Турнирот го организираа општина Гази Баба и градот Скопје, на кој учествуваа голем број на фудбалски екипи од општината и пошироко.

Турнирот го отвори градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски.

По кратката културно уметничка програма, се одигра ревијален натпревар помеѓу екипа на градоначалници и екипа на ветерани.

# Фудбалски турнир во Триангла



# "8-ми септември"

# Реализиран Проектот "Отворени забавни фудбалски школи"






Петта година по ред, општина Гази Баба го реализира Проектот "Отворени забавни фудбалски школи".

Во оваа спортска Манифестација, чија основна цел е да се насочат децата кон спортот и неговите благодети, учествуваа 250 деца од општина Гази Баба, на возраст од 6 - 12 години.

Децата пет дена спортуваа, се забавуваа и се дружеа низ добро осмислени игри, предводени од обучени тренери, асистенти и спортски лидери.

Активностите се одржуваа на стадионот во н.м. Трубарево, каде бројни посетители ги следеа случувањата на теренот.








Од дворот на Општина Гази Баба

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| **Факс** | 02 / 3 23 89 66 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-42-222** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Компјутерска обработка и дизајн:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** 02/ 3 22 66 55;
3 23 89 66;